**УСЛОВИ НА КОРИСТЕЊЕ**

Сите посетители на интернет презентацијата www.onetwothree.mk се согласни со следниве услови за користење:

Интернет презентацијата www.onetwothree.mk, сите нејзини страници и прикажаните информации имаат исклучиво информативна и едукативна намена. Описите на поединечните производи на www.onetwothree.mk содржат само основни информации. Наведените информации не можат да ги заменат информациите од декларацијата на производот, ниту упатствата што пациентот ги добива од својот лекар, фармацевт или друго стручно лице. Пред употреба на кој било производ наведен на www.onetwothree.mk, пациентите мораат да се консултираат со лекар, фармацевт или друго стручно лице; „Хемофарм" не може, на кој било начин, да биде одговорен за употреба на производите спротивно на упатствата добиени од овие лица.

„Хемофарм" не може да гарантира ажурност во реално време на податоците што се наоѓаат на сајтот во секој момент од пристапот до сајтот. Корисниците ги користат информациите од www.onetwothree.mk на сопствен ризик. „Хемофарм" не презема никаква одговорност за евентуално оштетување на хардверот, софтверот или други оштетувања на компјутерската опрема на корисникот за време на користење на www.onetwothree.mk.

Сите информации, графички прикази, визуелни и дизајнерски решенија, фајлови, прилози и имиња на производи на www.onetwothree.mk се заштитени како авторски дела или како предмети на права на индустриска сопственост. Секоја противзаконска употреба без претходна соодветна согласност од „Хемофарм" ќе биде третирана како повреда на нивните права и ќе бидат преземени сите законски расположливи мерки за санкционирање на лицата што вршат таква повреда. Сите фотографии на www.onetwothree.mk претставуваат само симболични илустрации и потекнуваат од архивите на „Хемофарм" и „STADA", или се преземени од специјализирани сајтови со фотоматеријали, под услови како што се пропишани од носителот на правата за фотографиите.

„Хемофарм" го задржува правото да измени или избрише која било информација или содржина прикажана на www.onetwothree.mk, во секое време, по сопствен избор, без претходно известување.

„Хемофарм" го задржува правото на www.onetwothree.mk да поставува линкови до други сајтови што ги смета за соодветни, но не е и не може да биде одговорен за содржината на тие сајтови, освен ако се работи за сајтови на кои „Хемофарм" е носител на право на користење и тоа право активно го користи.

Информациите на www.onetwothree.mk може да се користат за наставни, научни и некомерцијални цели, но со обврска за наведување на потеклото на информациите и „Хемофарм“ како нивен исклучив сопственик. Доколку тоа не се направи, „Хемофарм“ го задржува правото да преземе сите законски и фактички активности за да ја спречи понатамошната дистрибуција на овие информации и да побара надомест за штета настаната од нивното незаконско користење.

Која било информација што посетителите на сајтот ја испраќаат до „Хемофарм“ преку Интернет или електронска пошта нема да се смета за доверлива информација, дури и ако испраќачот на информацијата изрично наведе дека нејзината природа е доверлива; „Хемофарм“ го задржува правото да ја дистрибуира, користи или вклучи таа информација во содржината на својот сајт или целосно да ја занемари. „Хемофарм“ во ниту една ситуација нема да бара од посетителите на сајтот да доставуваат доверливи информации, ниту ќе преземе одговорност за последиците кои може да настанат доколку посетителите на сајтот доброволно и самостојно испраќаат одредени информации. Освен овие ограничувања, се изземаат информации во врска со фармаковигиланца на производите на „Хемофарм“, информации со карактер на лични податоци, како и информации со карактер на пријавување на злоупотреби, а „Хемофарм“ ќе постапува со нив во согласност со прописите кои ги регулираат овие области.

„Хемофарм“ ја почитува приватноста на посетителите на www.onetwothree.mk и информациите добиени преку користење на www.onetwothree.mk ќе ги користи исклучиво во согласност со важечките закони. Посетителите се согласуваат дека „Хемофарм“ собира и користи технички податоци за посетеноста и користењето на сајтот www.onetwothree.mk и дека истите се користат за интерна статистика и анализа во врска со корпоративната интернет презентација. „Хемофарм“ нема да сподели информации за посетителите со трети лица без директна согласност од посетителот или врз основа на законски пропишани обврски. Понатаму, „Хемофарм“ настојува да ги заштити информациите за посетителите на начин што ќе ја спречи нивната достапност за трети лица, но нема да биде одговорен за информациите до кои трети лица дошле на незаконски начин.

**БЛАГОДАРАМ!**